# Вашиот план за префрлување на електрична енергија

wollongong
city of innovation

**Чекор 1** **Напишете колку се стари вашите уреди што работат на гас и на сите автомобили што возат на бензин/дизел (проверете на сметкопотврдите или на налепницата залепена на уредот).**

**Чекор 2** **Изберете ги вашите идни електрични уреди и/или возило.**

**Чекор 3** **Направете приоритетен редослед според кој ќе ги заменувате вашите уреди и/или автомобил.**

**Совети:**

- **Првенство при заменувањето дајте им на уредите што се постари од 10 години.** На тој начин побрзо ќе се префрлите на електрична енергија во домот
- **Заменете ги греењето, плочата за готвење и рерната на гас** за до го подобрите квалитетот на воздухот внатре во домот
- **Поставете соларни панели** за да ги намалите уште повеќе своите трошоци за енергија
- **Ставете подобра изолација и затворете ги сите процепи во домот** за да ги намалите сметките за греење и ладење.
- Користете го Calculator на Советот за климатски промени (Climate Council) за да пресметате колку ќе заштедите

**Ние сме тука за да ви помогнеме.** Посетете го: wollongong.nsw.gov.au

**Придружете се на иднината со чиста енергија и во својот дом користете исклучиво електрична енергија. Искористете го овој план за да се подготвите така што, кога ќе треба да се заменат уредите, ќе бидете подготвени да ја направите замената.**

**Би можеле да заштедите дури до 75%* годишно на сметките што ги плаќате.**

**Објаснување**
**Добро, Подобро, Најдобро -** Оцена на решение засновано врз квалитетот, ефикасноста и најдоброто за животната средина.

**$-$$$+:** Опсег на цените за набавка/ инсталирање.

| Сегашен уред | Старост на сегашниот уред (во години) | Префрлете се на електрична енергија со | Кога можам да ја направам замената? |
|---|---|---|---|
| Греење на гас | | ☐ Дводелен клима уред за ладење и топлење (Split system reverse cycle) (Добро, Подобро, **Најдобро**) $–$$<br>☐ Централен клима уред за ладење и греење (Ducted Reverse Cycle) (Добро, **Подобро**, Најдобро) $$$<br>☐ Топлинска пумпа воздух-вода (Добро, Подобро, **Најдобро**) $$$+<br>☐ Електричен греач (**Добро**, Подобро, Најдобро) $ | |
| Бојлер за греење вода на гас | | ☐ Електрична топлинска пумпа (Добро, Подобро, **Најдобро**) $–$$$<br>☐ Електричен бојлер за вода (со сончев колектор и со уред за поставување на времето за греење) (Добро, **Подобро,** Најдобро) $ | |
| Плоча за готвење на гас | | ☐ Индукциски шпорет (Добро, Подобро, **Најдобро**) $–$$$<br>☐ Електричен шпорет (Добро, **Подобро**, Најдобро) $-$$ | |
| Рерна на гас | | ☐ Електрична рерна $-$$$ | |
| Кола на бензин или на дизел | | ☐ Електричен велосипед $-$$<br>☐ Електрично возило $$–$$$+ | |

# Клучни уреди за домаќинство што користи само електрична енергија

| Уред | Опис | Користи | Совети и информативни материјали | Програми на Општината и други попусти |
|---|---|---|---|---|
| **Соларни панели и зелена енергија** | ✓ Соларните панели ја претвораат сончевата светлина во бесплатна електрична енергија што ќе ја користите во својот дом<br>✓ Целата одвишна електрична енергија се враќа во електричната мрежа или се користи за полнење на акумулатор | ✓ Обезбедуваат енергија за вашиот дом од обновливи извори<br>✓ Со соларните панели вашите електрични апарати работат бесплатно<br>✓ Соларните системи обично се исплатуваат за 3 до 5 години<br>✓ Секој може да помогне за поголемо користење на обновливата енергија во Австралија ако избере зелена енергија (GreenPower) | ✓ Користете ги вашите електрични апарати во текот на денот за најголема заштеда<br>✓ Проверете на Check your electricity plan за да бидете сигурни дека сте ја добиле најдобрата можна понуда<br>✓ Проверете го Green Electricity Guide на Greenpeace кога избирате компанија што ќе ве снабдува со зелена енергија | Влада на Нов Јужен Велс Low Income Household Rebate Swap for Solar |
| **Електрично греење** | ✓ Може да биде единечен уред, повеќе уреди или да ја опфаќа целата куќа (централно греење)<br>✓ Единечните уреди се најевтини за користење | ✓ Може да го грее вашиот дом зиме и да го лади лете<br>✓ Зиме, клима уредите за ладење и греење се 3-4 пати поефикасни од вообичаените електрични грејни тела или од грејните тела на гас | ✓ Редовно чистете ги филтрите<br>✓ Зиме – поставете го термостатот на 18-20ºC<br>✓ Лете – поставете го термостатот на 23-25ºC<br>✓ Изберете природно средство за разладување, на пример, R32<br>✓ За повеќе информации посетете го Renew | Влада на Нов Јужен Велс Low Income Household Rebate Swap<br><br>Влада на Нов Јужен Велс Upgrade your Air Conditioning |
| **Електрична топлинска пумпа за топла вода** | ✓ Топлината се апсорбира од надворешниот воздух и се пренесува во водата во бојлерот | ✓ 3-5 пати поефикасна од бојлерите за топла вода што работат на струја или на гас | ✓ Изберете топлинска пумпа со природно средство за разладување<br>✓ Барајте системи што имаат можности за контролирање (автоматско дотерување на времето за работа – тајмер, за да можете да ја користите својата сончева енергија)<br>✓ Ако ви се расипе бојлерот за топла вода што го имате сега, побарајте некој привремен систем додека чекате електрична топлинска пумпа<br>✓ За повеќе информации посетете го Renew | Влада на Нов Јужен Велс Upgrade your Hot Water |
| **Индукциска плоча за готвење** | ✓ Ако на вашите садови за готвење се лепи магнет, тогаш се погодни<br>✓ Добро функционираат нерѓосувачкиот челик и лееното железо | ✓ Подобар квалитет на воздухот<br>✓ Безбеден<br>✓ Брз и ефикасен<br>✓ Поголем избор на температури за готвење<br>✓ Лесно се чисти<br>✓ Кујната е поладна | ✓ Распрашајте се кај електричар за да проверите дали ќе треба да ја надградите електричната разводна табла<br>✓ Изберете електрична плоча за готвење ако ви е вграден пејсмејкер<br>✓ Индукциските решоа се евтини, може да се вклучат во секој штекер и се одличен избор за почеток<br>✓ За повеќе информации посетете ги Choice или Renew | Во моментов не се расположиви никакви попусти. |
| **Електричен автомобил или велосипед** | ✓ Електричните автомобили се движат со помош на електрична енергија место со помош на бензин или на дизел<br>✓ Хибридните електрични возила работат и на струја и на бензин | ✓ Електричните автомобили се евтини за возење и им треба многу малку одржување<br>✓ Може да се полнат со чиста обновлива енергија<br>✓ Не загадуваат и тивки се кога ги возите<br>✓ Електричните велосипеди и велосипедите со приколки се одлична алтернатива за користењето на автомобил | ✓ Размислете за купување електричен велосипед место да вложите пари во автомобил<br>✓ Користете го Electric Vehicle Council cost calculator<br>✓ Размислете за локацијата и за брзината на полнење за полнење од дома<br>✓ Најдете каде има јавни станици за полнење на Transport for NSW | Влада на Нов Јужен Велс Electric Vehicle Rebate |

## Други информативни материјали:

Bill Savings Simulator на Советот за климатски промени

Your Home, Австралиски водич за одржливи вистински еколошки домови

My Efficient Electric Home група на Facebook



* https://renew.org.au/research/limiting-energy-bills-by-getting-off-gas/